Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19) и член 31 и член 32 од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51/19 и 54/19), а постапувајќи по Барањето за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, УП1 бр. 12-13/19 од 9 октомври 2019 година на Друштвото за трговија и производство МАКПРОГРЕС ДОО Виница, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 15 октомври 2019 година донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Лиценцата за вршење на енергетската дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МАКПРОГРЕС” на Друштвото за трговија и производство МАКПРОГРЕС ДОО Виница, издадена со Одлука на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија УП1 бр.12-13/19 од 17 јули 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 149/19) ПРЕСТАНУВА по барање на носителот.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за трговија и производство МАКПРОГРЕС ДОО Виница со седиште на ул. Војдан Чернодрински бр.8, Виница (во понатамошниот текст: Друштво), на 9 октомври 2019 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија, од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МАКПРОГРЕС”, УП1 12-13/19 од 9 октомври 2019 година (во натамошниот текст: Барање).

Друштвото, Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Образецот БЛ 24 од Правилникот за лиценци, ги достави во оригинал.

Согласно информациите наведени во Образецот БЛ 24, Друштвото побара престанок на лиценцата за да може да го искористи правото за финансиска поддршка на нивните инвестиции кои ги имаат поднесено до Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции, согласно законот за финансиска поддршка.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и изготви Предлог-Одлука за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ “МАКПРОГРЕС”.

Согласно член 32 од Правилникот за лиценци Регулаторната комисија за енергетика одлучи да не одржи подготвителна седница и на 9 октомври 2019 година ја објави предлог-одлуката на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 октомври 2019 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика и член 31 и член 32 од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за престанок на лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "МАКПРОГРЕС" на Друштвото за трговија и производство МАКПРОГРЕС ДОО Виница.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр. 12-13/19**
**15 октомври 2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

изготвил: Марија Костадиновска
одобрил: Елена Колевска